РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Бр. 04-3006/17
29-05-2018 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 52 став (1), став (2), став (3) и став (5) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), а во врска со член 6 став (4) од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административаната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/15 и 35/18), државниот секретар, донесе

# ОДЛУКА

1. Не се врши избор на кандидат по Интерниот оглас 07/2018 бр. 04-3006/1 од 02.05.2018 година, објавен на ден 04.05.2018 година за унапредување на административен службеник за работно место:

**02. УПР 0101В04000 – помлад соработник за буџетирање во Одделение за планирање и буџетска координација во Сектор за финансии - 1 извршител.**

2. Одлуката да се објави на ВЕБ страната на Министерството за одбрана.

3. Одлуката влегува во сила со денот на конечноста.

## Образложение

На ден 04.05.2018 година објавен е Интерен оглас 07/2018 година бр. 04-3006/1 од 02.05.2018 година, за работно место 02. УПР 0101В04000 – помлад соработник за буџетирање во Одделение за планирање и буџетска координација во Сектор за финансии - 1 извршител.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со решение на државниот секретар бр. 04-3006/6 од 10.05.2018 година, на ден 15.05.2018 година во просториите на Министерството за одбрана спроведе административна селекција, за што е изработен Записник од спроведената административна селекција бр. 04-3006/9 од 15.05.2018 година.

Согласно Записникот од спроведената административна селекција бр. 04-3006/9 од 15.05.2018 година, утврдено е дека за наведеното работно место се пријавил еден кандидат кој е уреден, и тоа: административниот службеник Весна Атанасова, самостоен референт - статистичар за обработка на податоци во Одделение за управување со ИТ инфраструктура во Сектор К-4.

Врз основ на спроведената административна селекција, со уредниот кандидат Комисијата спровела интервју и составила финална ранг листа која е составен дел на Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр. 04-3006/14 од 15.05.2018 година, со што именуваната е прворангирана и воедно единствен кандидат за унапредување за наведеното работно место.

Од страна на државниот секретар, а во насока на донесување на одлука по претходно спроведена постапка согласно закон, извршен е увид во доставениот

Записник од спроведената административна селекција бр. 04-3006/9 од 15.05.2018 година и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-3006/14 од 15.05.2018 година.

По разгледување на горенаведените записници, се утврди дека во Записникот од спроведена административна селекција бр. 04-3006/9 од 15.05.2018 година, на Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју, а кои се составен дел на записникот, наведено е работно место 01. УПР 0101В04000 – помлад соработник за подобрување на безбедноста и здравјето при работа во Одделение за стандард, услови и здравје при работа во Сектор за човечки ресурси - 1 извршител, кое не соодветствува со работно место 02. УПР 0101В04000 – помлад соработник за буџетирање во Одделение за планирање и буџетска координација во Сектор за финансии - 1 извршител, наведено во Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр. 04-3006/14 од 15.05.2018 година, односно место за кое не аплицирала кандидатката и за кое е наведено дека е уредна.

Со доставените записници, а врз основа на фактичката состојба, Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник формирана со решение на државниот секретар бр. 04-3006/6 од 10.05.2018 година, го довела во заблуда државниот секретар во процесот на донесување на одлука за унапредување на административен службеник.

Врз основа на горенаведеното, државниот секретар одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба преку Министерството за одбрана до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори на административните службеници во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката.

Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

Изработил: Емилија Трајковска Тасев
Контролирал: Ирена Станковска
Согласен: полковник Маријо Јуришиќ
Одобрил: Васил Зимбаков

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Драган Николиќ

Доставено до:
- Државен секретар (копија бр.1)
- Кандидатот (копија бр. 2)
- СКАОП (копија бр.3),
- СЧР (копија бр. 4) и
- Архива.